ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 04 - 2737/1
Скопје, 16.11.2022 година

Врз основа на член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.143/19 и 14/20) и член 23, 25, 26 и 27 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија” бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 10 ставови 1 и 2 од Колективниот договор на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, бр.01-2201/1 од 25.10.2019 година и бр.02-2325/1 од 30.11.2020 година и член 27 став 2 од Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, бр.02-0101-1376 од 25.04.2003 година, бр.01-534/1 од 30.01.2015 година, бр.01-1223/1 од 26.02.2015 година, бр.01-1220/1 од 24.02.2016 година, бр. 01-6308/1 од 31.10.2017 година и бр. 01-2434/1 од 14.10.2022 година, донесувам

# О Д Л У КА

## за избор од пријавените кандидати врз основа на Јавен оглас број 1/2022 за вработување на 1 (едно) помошно-техничко лице на неопределено време

### Член 1

Врз основа на објавениот јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Лајм“ на ден 07.11.2022 година, за потребата од вработување на 1 (едно) помошно – техничко лице за неопределено време, за работното место: Хигиеничар – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- Славица Ристовска, со живеалиште на ул.„Боривое Милошевски 1“ бр.7, Скопје.

### Член 2

За извршениот избор врз основа на објавениот јавен оглас од членот 1 на оваа одлука, писмено да се извести избраниот кандидат.

### Член 3

Со избраниот кандидат од членот 1 на оваа одлука ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи да ја изврши и спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Владимир Кроневски**

________________________________

Изготвил: Анел Мехмед _________________
соработник за управување со човечки ресурси

Одобрил: Снежана Кузмановска _________________
помошник – раководител на Сектор за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија ц.о. Скопје и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор, Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија на 07.11.2022 година објави јавен оглас број 1/2022, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм", за потребата од вработување на 1 (едно) помошно – техничко лице за неопределено време, за работното место: Хигиеничар – 1 (еден) извршител.

Огласот траеше 3 (три) работни дена, во кој рок до Архивата на претпријатието беше доставена само 1 (една) пријава со документација за вработување за огласеното работно место, како и 2 (две) несоодветни пријави од кандидати кои ги доставиле истите по електронски пат на службената електронска адреса на претпријатието (доставени CV-ја), а кои за докомплетирање на документацијата и за останатите услови, докази, начинот на нивно доставување, како и рокот за доставување, беа упатени на Јавниот оглас за вработување број 1/2022, објавен во дневните весници Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм", на 07.11.2022 година, но истите не доставија пријави и документација до Архивата на претпријатието, како што беа упатени и согласно со условите утврдени во Јавниот оглас.

Врз основа на целокупната доставена документација од страна на единствениот кандидат, по спроведената постапка за селекција, која се спроведе во 2 фази, согласно со Упатството за начинот на спроведување на постапката за селекција на кандидати по јавен оглас за вработување на помошно-техничко лице на неопределено време во Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, бр.01-3202/1 од 17.12.2021 година, од страна на Комисијата за селекција изготвена е Конечна ранг - листа со предлог за избор на кандидат за вработување.

Врз основа на Конечната ранг-листа, Комисијата му предложи на директорот за работното место Хигиеничар, во Одделение за управување со човечки ресурси и општи работи, Сектор за нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси и општи работи – 1 (еден) извршител, да донесе одлука за избор на единствениот пријавен кандидат, кој воедно е и прво рангиран кандидат и кој освои максимум бодови во двете фази на селекција.

Согласно погоре наведеното, одлучено како што е утврдено во диспозитивот на оваа одлука.

**ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**